РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 08-356/2
31.3. 2022 год.
ГЕВГЕЛИЈА

**Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите**

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| **Единица на локална самоуправа** | Општина Гевгелија |
| **Изработил (име, презиме и функција)** | Љубица Карајанова, координатор за еднакви можности<br>Ката Ристова, заменик координатор |
| **Период на известување** | 1.01.2021-1.01.2022 |
| **Датум на поднесување на извештајот** | 31.03.2022 |

**Име и презиме: Андон Сарамандов, градоначалник**

**Дата, 31.03.2022**
**Бр.08-356/2**

**Потпис:**

**Датум на прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика**

**Име Презиме (на службеникот од Сектор за еднакви можности кој го примил извештајот) :**

**Потпис:**

## 2. НАВЕДЕТЕ ГИ СПРОВЕДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ :

**2.1. Дали имате преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете доколку имате)**

**А) Позитивни**
**Б) Охрабрувачки**
**В) Програмски**

**2.2. Опис на мерките што ги имате преземено:**

- Усвоена Програма за активностите на Општина Гевгелија во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2021 година (предвидени 340.000 денари во Буџетот на ОГ за реализација на активности);
- формирање интерсекторска група за родово-одговорно креирање на локални политики и буџетирање,

- активно вклучување на претставници од граѓанскиот сектор во онлајн-форуми на заедниците во рамките на проектот „Низ женски леки“ за идентификување на специфичните потреби и приротети на граѓаните од општина Гевгелија;
- спроведување на проектот HEALT INFO, преку Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Грција- инфо ден на тема „Рак на дојка-скрининг и рана детекција“
- бесплатни мамографски прегледи и ултразвучни прегледи на дојка
- финансиска поддршка на публикацијата „Дијабетес мелитус како јавен здравствен проблем во општина Гевгелија“
- финансиска поддршка за оквалификување негуватели на стари лица и лица со попреченост во рамки на проектот „Развој на деловни услуги за интегрирана грижа и поддршка во Црвен крст на РСМ“
- едукативен филм „Јас дете“ за подигање на свеста против трговијата со луѓе
- подготовка на Прирачник за родова застапеност во општинските инстуции

**2.3. Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):**

**Реализација на дел од активностите предвидени во Програмата на Општина Гевгелија за активностите во областа на еднаквите можности на жените и мажите:**
**- Зајакнување на свеста на жените и мажите за континурирана грижа и заштита на сопственото здравје:**
- Во 2021 година, за 8 месеци во Општата болница- Гевгелија се направени 500 мамографии и 50 ултразвучни прегледи на дојка, на пациенти од 37 до 80-годишна возраст. Најзастапена популација на жени, на кои ова им бил прв преглед, се на возраст од 40 до 50 години. По нив се жени од 60 до 70 години. Додека, најмалку застапена е популацијата на возраст од 35 до 40 години. Од вкупно направените 500 мамографии, 25 жени поради сомнение за некаква промена се повикани за контролен ултразвучен преглед, 10 пациентки се пратени на биопсија, на 3 жени им е направен хируршки третман, додека на останатиот број жени им е дададен совет за редовни контролни прегледи.
- Развивање на свеста и спроведување на програмата за намалување на шеќерната болест во Гевгелија
**- Унапредување на превенција и заштита од насилство**
- снимање и емитување на едукативен филм „Јас дете“, во соработка со ЗГ „Дон Кихот“ и ЈОУ Дом на култура „Македонија“- Гевгелија, за подигање на свеста против трговијата со луѓе, во кој се прикажуваат најчестите причини и ризици кои придонесуваат за појава на трговија со луѓе, претежно деца, поради маргинализирани и дисфункционални семејства, злоупотреба на алкохол, дрога и злоупотреба на социјални мрежи.
- Годишен извештај за реализација на Програмата.

**2.4. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот** **(Ве молиме наведете само аутпут индикатори[1])**
/

[1] *Аутпут индикаторите* ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програмии мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка,* Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

**2.5. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги во прилог на извештајот:**
/

**2.6. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на ЕЛС :**

- Усвоена Програма за активностите на Општина Гевгелија во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2021 година (предвидени 340.000 денари во Буџетот на ОГ за реализација на активности)
- Предвидени средства во Буџетот на ОГ за реализација на активности на НВО-секторот

**2.7. Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):**

- Реализација на проектите и активностите на НВО

**2.8. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот на иницијативата (Ве молиме наведете само аутпут индикатори)**
/

**2.9. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги овде насловите и приложете ги со извештајот**
/

**2.10. Дали ЕЛС во рамките на активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите соработувал со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?**

**ДА**

**2.11. Дали базата на податоци со која располага ЕЛС е разделена по пол?**

**а) база на податоци која се однесува на човечки ресурси Да**

*** приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)**

ПРЕГЛЕД НА ВРАБОТЕНИ ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

| ЗВАЊЕ | ЖЕНИ | МАЖИ |
|---|---|---|
| РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР | 1 | / |
| РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ | 7 | 4 |
| СОВЕТНИК | 12 | 6 |
| ВИШ СОРАБОТНИК | 3 | 3 |
| СОРАБОТНИК | 1 | 2 |
| ПОМЛАД СОРАБОТНИК | 4 | 3 |
| САМОСТОЕН РЕФЕРЕНТ | 4 | 4 |
| ВИШ РЕФЕРЕНТ | 4 | 2 |
| РЕФЕРЕНТ | 1 | 1 |
| ПОМЛАД РЕФЕРЕНТ | 1 | 1 |
| ХИГИЕНИЧАР | 2 | |
| ВКУПНО | 40 | 26 |

**б) база на податоци која се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол од определени програми, услуги, мерки итн.) нема**

*** приложете документ со краток опис на локална стратегија/акциски план/услуга и податоци разделени по пол за <u>предвидени</u> корисници, целни групи, и податоци разделени по пол за <u>опфатени</u> корисници, целни групи итн.**

**2.12.Дали единицата на локалната самоуправа има локален акциски план за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите?**

Да- Локален акционен план за родова рамноправност 2018-2022

**2.13.Ако одговорот е да, тогаш приложете го акцискиот план со извештајот и опишете:**

**а) кои активности ги има превземено ЕЛС во текот на извештајниот период**

Во текот на извештајниот период не се преземени активности од Акцискиот план, но има реализирано активности предвидени во секторските програми.

-обезбеден превоз за деца со посебни потреби до дневен центар.

- Субвенционирање на комунални услуги за примателли на ГМП.

-Грижа за стари и изнемоштени лица преку голем број на активности како што се посета во домовите, помош во оставрување на нивните секојдневни потреби и сл.

- Паричен надоместок за секое новородено дете во општината,

-Донирање на пакети со храна и хигиенски производи за ранлива категорија на лица,

-паричен надоместок за родители на деца со посебни потреби.

**б) кои резултати се постигнати согласно Акцискиот план**

Подобрување на квалитетот на живот на ранливите категории на лица

**в) како го меревте постигнувањето на успехот на резултатите (наведете аутпут индикатори)**

**г) колку средства се одвоени од буџетот на општината а колку од донации?**

Од Буџетот на Општината се издвоени околу 2.000.000 денари

**2.14. Дали надлежностите и задачите на координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во ЕЛС?**

Не

Координаторот и заменик координаторот се именувани со Решение бр. 08-1415/1 од 20.09.2018 година. Согласно Решението, нивните обврски се регулирани со Законот за еднакви можности на жените и мажите.

Координатор- Љубица Карајанова, Раководител на одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт,

Заменик координатор-Ката Ристова, Раководител на Одделение на стручно административни и општи работи.

**2.15. Кои обуки во текот на извештајниот период координаторот/координаторката ги има реализирано? Дали тој во обуките се јавил/а како:**

**Обуки во рамки на проектите:**

- „Промоција на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и одговорно управување во РСМ"

- Низ женски леќи: покревање на политики и буџетски иницијативи, следење на спроведувањето на локалните акциски планови за родова еднаквост".

- Консултациска средба со единиците на локалните самоупррави со цел подготовка на национален план за имплементација на Планот за родова акција III на ЕУ.

**а) слушател/слушателка** √

**б) обучувач/обучувачка**

| |
|---|
| 2.16 **Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и недискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн). Координаторот за еднакви можности има посетено:**<br><br>Координаторот ја има посетено работилницата за недискриминација организирана од МТСП, Работилница Кон родово одговорни општини-зајакнување на општинските капацитети за политики за родова еднаквост и родово одговорно буџетирање, Обука „Еднакви кон обврските" во рамки на проектот „Активни граѓани за добро владеење"; „Промоција на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и одговорно управување во РСМ"; Низ женски леќи: покревање на политики и буџетски иницијативи, следење на спроведувањето на локалните акциски планови за родова еднаквост", Консултациска средба со единиците на локалните самоупррави со цел подготовка на национален план за имплементација на Планот за родова акција III на ЕУ. |
| **2.17. Како добиените знаења се понатаму пренесени во Вашата институција, дали имате воспоставено метод или систем на пренесување на знаења (пренесување на информации, споделување на материјали, држење на кратки сесии за пренесување на знаења на колеги итн.)**<br>**Ве молиме опишете**<br>По завршување на обуките, на вработените им се пренесуваат информации за стекнатото знаење на неформални состаноци. |
| **2.18. Колку и кои иницијативи (проекти, програми и активности, предлог стратегии) координаторот/координаторката за еднаквите можности на жените и мажите има доставено до ЕЛС?**<br>- Програмата во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2022 година, Програми за спорт, култура, социјална заштита, здравствена заштита, реконструкција на детска градинка |
| 2.19. **Колку од тие иницијативи биле усвоени и реализирани во ЕЛС?**<br>Сите се усвоени и поголем дел од активностите предвидени во секторските програми се реализирани. |

## 3. ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

| |
|---|
| **3.1. Наведете предизвици со кои што сте се соочиле во единицата на локалната самоуправа во текот на извештајната година и како сте ги надминале?**<br>/ |
| **3.2. Споделете пример за добра или лоша пракса**<br>/ |
| **3.3. Наведете примери за научени лекции**<br>Родова анализа на секторските програми |

## 4. ОПИШЕТЕ ГИ ВАШИТЕ СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

**4.1. Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кон што ќе придонесат (имплементација на Стратегијата за родова еднаквост, стратешки документи на ЕЛС итн.)**

Креирање на Програмата во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2022 година, имплементирање на активностите од Програмата во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2022 година и реализација на активности од областа на родовата рамноправност опфатени со годишните секторски програми.

## 5. ПОДАТОЦИ ЗА КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

**5.1. Кога е формирана комисијата за еднакви можности на жените и мажите**

15.11.2021- новоформирана со промена на локалната власт

**5.1.1. Ве молиме наведете ја структура на комисија по:**

**а) Пол**

1 жена, 4 мажи

**б) Образование**

два члена се со средно, а три со високо образование

**в) Етничка припадност**

Македонци

**г) Припадност на политичка партија**

СДСМ и коалиција 2 члена

ВМРО и коалиција 3 члена

**5.2. Наведете дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите активно учествуваше:**

**а) во креирање и донесување на развојна програма на единицата на локалната самоуправа**

**б) во донесување на буџет на единицата на локалната самоуправа**

**в) во давање предлози за инкорпорирање на принципот на еднакви можности во работата на органите на единицата на локалната самоуправа**

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите учествува во наведените активности преку одржување на состаноци пред седниците на Советот на Општина Гевгелија.

**5.3. Кои мерки и активности во насока на унапредување на еднакви можности Комисијата ги има доставено до Советот на единицата на локалната самоуправа?**

/

**5.4. Дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите има годишна програма за работа?**

ДА

**5.5. Наведете колку состаноци има одржано Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, на кои теми и доколку сакате одредени добри пракси од тие состаноци да се наведат во годишниот извештај, Ве молиме наведете накратко тука и приложете записници.**

Комисијата за еднакви можности на жените одржува состаноци пред седниците на Советот на Општина Гевгелија и ги разгледува сите предложени точки од дневниот ред за конкретната седница, но за состаноците не се водат записници. Во 2021 година одржани се вкупно 9 состанока.

## 6. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО СЕМ-МТСП

**6.1. Наведете Ваши предлози или иницијативи до СЕМ- МТСП во насока на подобрување на:**

**а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост помеѓу централно и локално ниво или помеѓу ЕЛС**

**немаме**

**б) Имплементација на Стратегијата за родова еднаквост во секторските политики/програми**

Обуки на координатор и заменик-координатор за креирање на Стратегијата за родова еднаквост на локално ниво